Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 31 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 31 март 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 11:40 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за исплата на плати во јавниот сектор

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на плати во јавниот сектор и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата, со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на сите институции кои не се органи на државна управа да постапат согласно постоечките законски решенија за пресметка на плата и истата да ја исплатат во законски утврдениот рок.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **д-р Димитар Ковачевски** |